# текстурални симулации



марија сотировска

## Текстурални симулации

Првата самостојна изложба на младата сликарка Марија Сотировска претставува креативен чин, но воедно и начин на сопствено преиспитување и себепронаоѓање. Напорите вложени во текот на студиите, како и стилската ориентација сугерираат на еден веќе созреан пристап, на една длабока потрага по личниот творечки идентитет.

Во време на културна глобализација, повлечена од динамиката на гратскиот бит низ, како што вели самата авторка "Играта над игрите" преку делата насловени како "Текстурални симулации" ни се конкретизира во материјално-духовен облик личното откровение.

Воодушевена од колористичките експерименти на геометриската апстракција, креативниот склоп подразбира различно компонирање на строгите форми наизменично надополнети со различниот колористички интензитет притоа предизвикувајќи еден богат спектар на придвижувања и вибрации, треперења и текстурални симулации.

Пристапот кон ваквата ликовна игра ни открива сегменти од интимната реалност во која насетуваме истражувања карактеристични за апстрактниот нефигурален ликовен јазик во кој доминира монохромна палета која во игра со линеарниот и хроматски третман на површината испишана со стилизирано и апстрактно писмо постигнува ефект на преобразена реалност. Мазни и текстурално обработени површини претворени во ритмичко-кубистичка фасетираност со различни тонски валери и мрежа од линии кои постојат не само да и дадат цврстина на самата структура на сликата туку да ни соопштат почеток на еден дискретен ликовен исповед кој привидно ја соголува уметниковата надворешност но не и внатрешноста.

Ликовните целини кои зрачат со едноставна монументалност и спиритуална аура можат да се доживеат и како еден вид апстрактни пејзажи низ кои пробива зрак светлина, искра од окото на душата која објективизира суптилен религиозен приказ. Тоа не се амбиенти преземени од реалноста, туку субјективни експресии детерминирани од еманација на личното расположение.

Сакајќи да му ја подари на љубопитниот набљудувач оваа импресивна целина, Марија, во игра со функција за дообликување и интензивирање, ја употребува белата ѕидна површина со која енергијата од ликовната реалност на апстрактниот приказ ја насочува кон рабовите на платната но и надвор од нив, таа се рефлектира врз гледачот и дисперзира во просторот, со една единствена цел да го живее својот континиум говорејќи за едно постоење, едно време и простор.

Даниела Богоевска









## Texture simulations

The first independent art exhibition of the young artist Marija Sotirovska represents a creative act and also a way of self-reconsideration and self-finding. The efforts given during her studies, as well as the stylistic orientations, suggest an already matured approach of a deep search of personal creative identity.

In a time of cultural globalization, affected by the dynamicity of the modern way of life, as the artist herself says ”The Game of All Games”, through her work titled as “Texture Simulations” one mature-spiritual shape of personal revelation is specified. Amazed by the colouristic experiments of geometrical abstractions, the creative structure means different composing of rigid shapes alternatively filled up with various colouristic intensity, therefore initiating one diversified spectrum of movements, vibrations, trebles and texture simulations.

The approach towards this artistic game reveals segments of the intimate reality in which we can sense researches typical for the abstract non-figural art language in which a dominant monochromatic pallet in combination with linear and chromatic treatment of the surface written with styled and abstract script achieve the effect of transfigured reality.

Smooth and texture treated surface transformed in rhythmic-cubistic division in different tone valeris and a net of lines that exist not only to give firmness of the same structure of the painting, but also to announce a beginning of the discreet art confession which apparently strips the artist’s externality, but not the interior.

Art unities which radiate with simple monumentality and spiritual aura can be experienced as abstract landscapes which a ray of light streams through, a spiral from the eye of the soul which objectifies a subtle religious review. They are not ambients taken from reality itself, but subjective expressions determined by emotions of the artist’s emotional state.

Wanting to give the curious observer this impressive unity, Marija in the game with the function for modeling and intensification uses the wide wall’s surface with which the energy from the art reality of the abstract review is appointed towards the edges of the art paintings and outside them. It reflects on the viewer and disperses into the space, with one sole aim, to live it’s continuum taking about one existence, one time and space.

Daniela Bogoevska

- 1983, родена во Скопје
- 2006, дипломирана на ФЛУ во Скопје
  во класата на проф. Благоја Маневски
- 2005, втора награда, СИАБ, Скопје

ул. "Загребска" 41а, 1000 Скопје
тел. 070 494 099 / 02 2546 756
e-mail: marijasotirovska@yahoo.com

Издавач: Народен музеј - Куманово
За издавачот: Јовица Станковска
Организација: Перо Величковски
Текст: Даниела Богоевска
Фотографија: Далибор Тренчевски
Превод на англиски: Александра Димитровска
Подготовка: Далибор Тренчевски
Печат: Графосет ДЛ - Куманово
Тираж: 300
Техничка опрема на изложбата: "АРС" - Скопје
Уметничка галерија - Куманово, октомври 2007.